# Народна банка на Република Македонија

Дирекција за финансиска стабилност и банкарска регулатива

**УПАТСТВО**

**за изменување и дополнување на Упатството за спроведување на Одлуката за методологијата за управување со ризикот на задолженост**

**(„Службен весник на Република Македонија“ бр. 81/17)**

јуни 2017 година

Врз основа на член 48 став 1 точка 3 од Законот за Народната банка на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 158/10, 123/12, 43/14, 153/15 и 6/16) и точка 12 од Одлуката за методологијата за управување со ризикот на задолженост („Службен весник на Република Македонија“ бр. 26/17), вицегувернерот на Народната банка на Република Македонија, д-р Фадил Бајрами, согласно со Одлуката за определување редослед по кој вицегувернерите ќе го заменуваат гувернерот за време на неговото отсуство од работа во текот на 2017 година, бр. 187 од 4 јануари 2017 година, донесе

**УПАТСТВО**
**за изменување и дополнување на Упатството за спроведување на Одлуката за методологијата за управување со ризикот на задолженост**

1. Во Упатството за спроведување на Одлуката за методологијата за управување со ризикот на задолженост („Службен весник на Република Македонија“ бр. 64/17), во точката 8 по зборовите: „3 и 4“, се додаваат зборовите: „од овој извештај и износот од редот бр. XII-а од колоната бр.3 од збирниот извештај за вкупната актива пондерирана според кредитниот ризик (образец АПКР - Вкупно) од Упатството за спроведување на Одлуката за методологијата за утврдување на адекватноста на капиталот („Службен весник на Република Македонија“ бр. 63/12, 109/12, 106/15, 18/16, 11/17 и 24/17)“.

2. Во точка 4, потточка 4.2. од Упатството по зборовите: „Одлуката за методологијата за утврдување на адекватноста на капиталот“, се додаваат зборовите: „(„Службен весник на Република Македонија“ бр. 47/12, 50/13, 71/14, 223/15 и 218/16)“.

3. Во целиот текст на Упатството по зборовите: „Упатството за спроведување на Одлуката за методологијата за утврдување на адекватноста на капиталот“, се додаваат зборовите: „(„Службен весник на Република Македонија“ бр. 63/12, 109/12, 106/15, 18/16, 11/17 и 24/17)“.

4. Ова упатство влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

**У бр. 21819/2**
**29 јуни 2017 година**
**Скопје**

**Вицегувернер**
**д-р Фадил Бајрами**